Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница на 7.7.2022 година , согласно чл.37 ст.1, алинеа 1 од Законот за судовите (СЛ.весник на РМ бр.58/06,35/08,150,10,83/18 и 198/18 и чл.63 ст.1 и 2,член 65 ст.1 од Деловникот за работа на Врховен суд на РСМ, одлучувајки по иницијативата поднесена од адв. Тоневски Драган од С. го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

Иницијативата поднесена од Адвокат Драган Тоневски од С. заведена под Су-03 бр.295/22 од 9.5.2022 година со барање да биде утврден начелен став или начелно правно мислење со примена на Законот за агенциите за привремени вработувања, конкретно чл.3-а ст.7 и чл.3-б ст.1, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕЦЕЛОСНА.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно чл.37 ст.1 алинеа 1 од Законот за судовите (Сл.весник бр.58/06....96/19 ) Општата седница на Врховниот суд на РСМ на ден 7.7.2022 година расправаше по иницијативата за утврдување на начелен став и начелно правно мислење Су-03 бр.295/22 од 9.5.2022 година, поднесена од адвокат Драган Тоневски од С. Во иницијативата наведува дека се обраќа со барање да биде утврден начелен правен став или начелно правно мислење од значење за обезбедување на единство со примена на Законот за агенциите за привремени вработувања, конкретно чл.3-а ст.7 и чл.3-б ст.1,без да при тоа го формулира правното прашање по кое треба да се произнесе Општата седница на Врховен суд на РСМ.

Во иницијативата ја наведува фактографијата на предметите РО бр.74/19 и ТС бр.16/20 на ОС Струмица, за да потоа по суштина го образлага чл.3-а ст.7 и чл.3-б ст.1 од Законот за агенции за привремени вработувања.

Понатаму во иницијативата наведува одлука од Основен суд Битола РО бр.361/18 во кои според подносителот на иницијативата правилно биле применети понапред наведените членови. Во иницијативата наведува и дека Апелациониот суд во Штип имал невоедначена примена на понапред наведените членови одлучувајќи во втор степен по предметите ТС бр.3/21.

Со оглед на фактот што подносителот на иницијативата нема поставено правно прашање за кое Општата седница треба да расправа ,а формулацијата наведена во иницијативата само за примената на чл.3-а ст.7 и чл.3-б ст.1 од Законот за агенциите за привремени вработувања не може да се смета за правно прашање по кое би постапувала Општата седница на Врховен суд на РСМ. Ваквиот недостаток ја прави иницијативата нецелосна.

Нејасно е во кој дел и за кое правно прашање има нееднаквост во примена на наведените одредби од наведениот закон, дали во остварување на правата од

работен однос на отстапените работници кај работодавачот корисник или во врска со прашањето за регресното побарување. Нејасно е во кој правец сака подносителот на иницијативата да расправа Врховниот суд.

Врховен суд на Република Северна Македонија
Општа седница